ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/2016) Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат сите правни и физички лица дека Градоначалникот на Општина Битола донесе Одлука за распишување на:

## ЈАВЕН ПОВИК
**за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Битола за 2017 година**

Сите заинтересирани правни и физички лица во текот на Јавниот повик може да доставаат Иницијатива за изработка и донесување на Урбанистички планови од чл. 7 ст. (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/2016)

- Иницијативите може да се доставаат во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, или во писмена форма преку архивата на Општина Битола во определениот рок.
- Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план или урбанистичко планска документација со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- За сите доставени иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам или во писмена форма.
- Прифатените иницијативи од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Битола за 2017 год.
- Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите.
- Јавниот повик ќе трае 33 дена односно во периодот од 20.03.2017 год. до 21.04.2017 год.

08-300
16.03.2017 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Д-р. Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk